Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Педагошка служба

**Shërbimi pedagogjik**

Бр. 26-52/15
Датум

10 JUN 2026

ДО:
Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование** формирана со Решение бр.26-52/14 од 05.06.2026 година

ПРЕДМЕТ: Доставување на шифрирани ракописи за учебници по наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование**

Почитувани,

Министерството за образование и наука -Педагошка служба објави Конкурс бр. бр.26-52/1 на 23.01.2026 година, на својата веб-страница.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25 и 74/25) од страна на директорот на Педагошката служба со Решение бр.26-52/3 од 28.04.2026 година, е формирана Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација по објавениот Конкурс.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) од Законот, по извршената проверка и шифрирање на пристигнатата документација по објавениот Конкурс, со допис бр.32-57/1 од 28.04.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-52/10 од 28.04.2026 година, до Педагошката служба ги достави шифрираните ракописи за учебници во три примероци во затворени и запечатирани пликоа за наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование,** со напомена истите да бидат доставени до Рецензентската комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по наставниот предмет **Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основното образование** за понатамошно постапување.

Согласно наведеното, Ви го доставуваме ракописот со **шифра 1**.

Покрај горенаведените шифрирани ракописи во прилог Ви го доставуваме и мислењето од Бирото за развој на образованието бр.09-1030/2 од 22.05.2026 година заверено во писарницата на Министерството за образование и наука со бр.26-52/12 од 22.05.2026 година, според кое треба да постапите согласно член 14 став (6) од Законот.

Прилог:
- 1 шифриран ракопис за учебник во 3 примероци

Со почит,

ДИРЕКТОР
м-р Роберт Аџипетров

Република Северна Македонија · Republika · МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА · MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS · Педагошка Служба · Shërbimi pedagogjik · Скопје · Shkup